РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09 - 3385/2
26-05-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 68 – та седница, одржана на 20.05.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 09-3385/1 од 14.09.2021 година, поднесена од непознат подносител против --------, градоначалник на општина -----------, СЕ ОТФРЛА.

Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека веќе има постапувано по предмет со исти наводи, по што донесена е одлука на 30 - та седница, прво продолжение, одржана на 18.05.2020.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-3385/1 од 14.09.2021 година е оформен по поднесена пријава од непознат подносител против лицето ---------, градоначалник на општина ------, за несовесно извршување на службената должност и со наводи дека ја злоупотребил својата позиција која ја има како градоначалник преку извршено влијание за вработување на блиски лица во повеќе институции во општина -----------.

Поради фактот што во пријавата нема доволно елементи за кои лица станува збор (име и презиме) и работната позиција за истите, ДКСК не може да се обрати до подносителот на пријавата бидејќи е непознат, по што не е во можност да прибави дополнителни информации за потврдување на наводите.

Од друга страна, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека веќе е постапувано по пријава со исти наводи, за што ДКСК ја утврди фактичката состојба и на 30 –та

седница, прво продолжение одржана на 18.05.2020, донесе одлука со бр. 09-652/26 од 02.06.2020 година.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изработил: К.З., раководител
Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК